**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 07. 10. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4793 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 септември до 1 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 7 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во десетте дена за мониторинг – од 22 септември до 1 октомври, не беше достигнат релевантниот методолошки примерок од минимум од 2 часа дневно-информативна програма. Во централните изданија на

вестите во продукција на Радио Слободна Македонија емитувани од 16 часот и 30 минути, беа евидентирани 1 час 36 минути и 17 секунди новинарски прилози методолошки селектирани за анализа.

***Посебни информативни емисии***

*Интервјуа*

На 22 септември, во воведниот дел од економскиот магазин „Бројки", со редовен термин од 11 часот, емитувано е дваесетминутно интервју со Роберт Хот, претседател на Градежната комора при Сојузот на стопанските комори, а основната тема е поставена преку прашањето: Дали градежништвото ќе биде двигател на македонскиот економски раст и во 2017 година, со оглед на ставките за оваа стопанска гранка во предлог-буџетот на државата? Интервјуто прави преглед на повеќе аспекти за состојбата на градежниот сектор во Република Македонија, вклучително и уделот на владините активности и активностите на органите на државната управа и на јавните претпријатија, а зборувано е и за кредитните можности на градежните проекти и за квалитетот и издржливоста на градбите во однос на серијата земјотреси во Скопје и скопско. Во другиот дел од магазинското издание на емисијата направен е преглед на најважните економски настани за периодот од 19 до 22 септември, при што за централен е издвоена собраниската расправа за предлог-буџетот за 2017 година. Ова издание е репризирано двапати, еднаш истот ден во вечерен термин, и на 23 септември по полноќ.

На 23 септември (реприזи – вечерта истиот ден, и на 24 по полноќ), главна тема на изданието на емисијата „Пулт", од 11 часот, е расправата на собраниската Комисија за политички систем во врска со извештајот за шестмесечната работа на Специјалното јавно обвинителство. Првиот дваесетминутен дел од емисијата е реализиран како интервју со независната пратеничка Солза Грчева, со критички коментар кон експозето на Катица Јанева, раководителката на СЈО, пред пратениците присутни на Комисијата, и кон политиките на СДСМ. Во вториот дел од емисијата се емитувани (тонски) цитати / реплики од споменатата расправа во Комисијата, што го илустрираат главно негативниот однос на одделни пратеници кон излагањето на обвинителката Јанева.

На 28 септември, премиерно од 11 часот (две репризи - вечерта истиот ден, и по полноќ на 29 септември), главната дилема на актуелно-информативната емисија „Круг" е: Дали организирањето на изборите планирани за 11 декември се спроведува според договореното во Пржино? Гостува Александар Даштевски, претставен како (цитат): *„политички аналитичар и универзитетски професор"*. Даштевски, за основен мотив на својата елаборација за околностите и за условите за спроведување на предвремените парламентарни избори, го зема писмото на Зоран Заев (СДСМ) упатено до амбасадорите на одредени држави во Република Македонија, со што определува еден – експлицитно негативно критички настроен, аспект од своето гледиште. Овој аспект го поврзува и го проблематизира преку негативен став во однос на работните капацитети на СЈО, посебно на неговата раководителка Катица Јанева, со носечка теза дека (цитат): *„главен генератор на продолжување и на продлабочување на политичката криза во Република Македонија е Специјалното јавно обвинителство"*. Во прилог на своите тези околу посочената дилема, Даштевски се осврнува на расправата во Комисијата за политички систем во врска со извештајот од шестмесечната работа на СЈО, како и на интервјуто на Катица Јанева за МРТ1. Други аспекти зафатени во неговото гледиште се: односот на Уставниот суд кон СЈО, диспаритетот на гласачкото тело по изборни единици, собраниската расправа за планираниот државен буџет за 2017 година, како и наводното барање на Зоран Заев (СДСМ), за т.н. „федерализација" на Република Македонија, со посочување на правно - политичките аспекти од ова прашање опфатени во „Охридскиот рамковен договор" и во Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа.

На 29 септември, во економскиот магазин „Бројки" направено е получасовно интервју со универзитетскиот професор Марјан Петрески, а главни теми се: начините за најефикасно распоредување на

средствата од предлог-буџетот за 2017 година, планирани за капитални инвестиции, и експертски коментар за актуелниот извештај од Светската банка за потенцијалите на македонската економија. Емисијата е репризирана двапати – од 21 часот истиот ден, и на 30 септември по полноќ.

На 30 септември (вечерна реприза истиот ден, и по полноќ на 1 октомври), во изданието на актуелно-информативната емисија „Пулт" (11 часот), гостува Стевчо Јакимовски, најавен како (цитат): *„лидер на ГРОМ и градоначалник на Општина Карпош"*. Темата на интервјуто е поставена преку прашањето: Дали на 11 декември ќе се одржат предвремените парламентарни избори? Тезите на Јакимовски се сведуваат на исклучиво обвинување дека СДСМ бара начини да го опструира договорениот изборен датум, пред сѐ преку поврзаноста со Специјалното јавно обвинителство (цитат): *„СЈО е ООЗТ на СДСМ"*. Во интервјуто, резонот на Јакимовски за улогата на СДСМ во поширок општествено-политички контекст илустриран е преку следниов исказ (*цитат*): *„Она што е суштинско, овој народ не поддржува кодоши. Овој народ не поддржува луѓе што работат за странски интереси, повеќе од очигледно е дека интересите се јасни, дека гарант за спроведување на интересите на Соединетите американски држави овде на Балканот се партиите од албанскиот блок, без разлика дали се работи за Македонија, се работи за Косово или се работи за Албанија, и отприлика, основната цел на оваа операција што овие скоро две години мачење на македонските граѓани, е да се ослабне водечкиот македонски политички блок, да се појача водечкиот албански блок, со цел да има поголема гаранција за остварување на нивните интереси овде во Македонија и на Балканот. За жал, тука се наоѓа, користат мост или како да кажам, квислиншката улога ја играат преку СДСМ и преку Зоран Заев, којшто треба да биде главната тупаница во практично растурање на тоа цврсто, македонско одбранбено ткиво коешто ги брани македонските национални интереси."*

<u>*Дебати*</u>

На 24 септември со почеток од 11 часот, актуелно-информативната емисија „Радио Полиграф" претставува дебата на тема: Колку референдумот во Република Српска може да има безбедносни последици врз регионот и во Република Македонија? Гостуваат - Оливер Андонов, претставен како дополнителен заменик министер во Министерството за внатрешни работи, и Исмет Кочан, новинар на ТВ Нова, претставен како аналитичар за политичките состојби во регионот.

<u>*Други информативни програми*</u>

„За дипломатијата со Ристо Никовски", премиерно на 23 септември од 17 часот, а репризно на 25 септември по полноќ, говори за историјатот и за начинот на функционирањето на ООН, но и критички за работата на СЈО. На 30 септември (пополноќна реприза на 1 октомври), тема на истата емисија е взаемниот однос на европската и на глобалната дипломатија кон надворешната политика на Република Македонија, пред сѐ имајќи го предвид решението на т.н. „проблем со државното име".

На 27 септември од 17 часот (реприза од 28 септември по полноќ), актуелно-информативната емисија „Поента" на проф. д-р Тања Каракамишева, за тема ја има собраниската расправа од Комисијата за политички систем за извештајот од шестмесечната работа на СЈО, со посебна критичка нагласка врз правно - политичките последици од одбивањето на специјалната обвинителка Катица Јанева да даде отчет за одредени финансиски делови од извештајот.

***Сектор за програмски работи***